# ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ

**Службен весник на РМ, бр. 217 од 11.12.2015 година**

## ГЛАВА I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Содржина на Законот

**Член 1**

(1) Со овој закон се уредуваат условите и постапката под кои странци можат да се вработуваат или да работат во Република Македонија, освен ако со ратификуван меѓународен договор поинаку не е утврдено.
(2) Странец се смета како вработено лице во Република Македонија кога врз основа на договор за вработување ќе заснова работен однос кај работодавач чие седиште или место на живеење е во Република Македонија или кога ќе стекне статус на самовработено лице согласно со овој или друг закон.
(3) Услугите обезбедени од странци и другите облици на работа, кои ги извршуваат странци врз основа на договори за работа или други договори согласно со граѓанското право, а кои се спроведуваат на територијата на Република Македонија за ограничен временски период, се сметаат за работа извршена од страна на странци.

### Дефиниција на поими

**Член 2**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1. "Странец" е лице кое не е државјанин на Република Македонија;
2. "Странец" е и лице без државјанство, односно лице кое ниедна држава по сила на својот закон не го смета за свој државјанин;
3. "Барател на азил" е странец кој бара заштита од Република Македонија, согласно со Законот за азил и привремена заштита;
4. "Признаен бегалец" е странец на кој согласно со Законот за азил и привремена заштита му е признато правото на азил;
5. "Лице под супсидијарна заштита" е странец кој не се квалификува како признаен бегалец, а на кој Република Македонија ќе му признае право на азил и ќе дозволи да остане во рамките на нејзината територија;
6. "Лице под привремена заштита" е странец на кој му е признато правото на привремена заштита, согласно со Законот за азил и привремена заштита;
7. "Жртва на трговија со луѓе" е странец за кого постојат основани сомневања дека е жртва на кривично дело трговија со луѓе утврдено со Кривичниот законик и на кого ,согласно со Законот за странци, му е издадена дозвола за привремен престој заради работа поради хуманитарни причини;
8. "Работодавач" е правно или физичко лице регистрирано да врши дејност и другите лица наведни во Законот за работните односи, кои вработуваат работници врз основа на договор за вработување;

9. "Работник" е физичко лице кое врз основа на договор за вработување засновал работен однос кај работодавач и кое врз основа на тоа е пријавено во задолжителното социјално осигурување од страна на работодавачот.

**Примена на Законот**

**Член 3**

Одредбите на овој закон важат за сите странци, освен ако поинаку не е утврдено со закон или ратификуван меѓународен договор.

**Основни одредби**

**Член 4**

(1) Собранието на Република Македонија по предлог на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата),со резолуција ја утврдува политиката на миграција и основите на политиката за вработување и работа на странци која ќе се спроведе согласно со овој закон и со билатералните и мултилатералните ратификувани меѓународни договори. Предлог-резолуцијата до Владата ја подготвуваат Министерството за внатрешни работи во соработка со Министерството за надворешни работи и Министерството за труд и социјална политика. Врз основа на утврдената политика за работа и вработување на странци, Владата годишно ќе утврдува квота на дозволи која ќе биде утврдена со одлука, донесена најдоцна до крајот на тековната година за наредната година.

(2) Согласно со утврдената политика за вработување и работа на странци, Владата ќе склучи меѓународни договори, поставувајќи ги условите за одредена категорија на работници, текот на услугите меѓу државите потписнички на договорот кои ќе бидат изземени од предвидените квоти и ќе усвои мерки за заштита на домашниот пазар на труд, утврдени со овој закон.

(3) Странците кои согласно со одредбите од овој или друг закон можат да се вработат, самовработат, или да работат во Република Македонија, задолжително треба да поседуваат дозвола за привремен престој заради работа издадена од Министерството за внатрешни работи или дозвола за работа издадена од Агенцијата за вработување на Република Македонија и регулиран престој по друг основ во Република Македонија. Во постапката за стекнување на дозвола за привремен престој заради работа согласно со закон, Агенцијата за вработување на Република Македонија издава мислење врз основ на искористеноста на квотата и моменталните потреби на пазарот на труд во Република Македонија. Лицето задолжено да ја регистрира нивната работа, треба да ја регистрира како работа на странец, согласно со одредбите од овој закон. Во определени случаи утврдени со членовите 11, 12, 13, 14 и 15 од овој закон, ќе биде дозволено давање на услуги од страна на странци врз основа на потврда за регистрација на работа.

(4) Потврдата за регистрација на работата на пропишан образец е документ кој ја потврдува законитоста на работата, која ја вршат странците во државата.

(5) Договор за вработување или за работа склучен меѓу работодавач и странец кој не поседува дозвола за привремен престој заради работа или работна дозвола и регулиран престој на странецот, ќе се смета за ништовен.
(6) При вработување на странец, работодавачот не смее барателот на вработувањето да го стави во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидноста, религиозното, политичкото или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности. Забраната на директна или индиректна дискриминација во овие случаи се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и работникот, согласно со Законот за работните односи.

## ГЛАВА II
## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА СТРАНЦИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

### Утврдување на квоти работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територија на Република Македонија

### Член 5

(1) Квотата за работни дозволи за странци кои можат да бидатат работно ангажирани на територија на Република Македонија (во натамошниот текст: квотата) до Владата ја предлага министерот надлежен за работите од областа на трудот по предлог на Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција за вработување), во соработка со министрите одговорни за соодветните области, согласно со законските прописи, за која свое мислење може да даде и Економскиот социјален совет.
(2) Квотата нема да опфаќа странци:
1) на кои врз основа на договор за реципроцитет со Европската унија им е дадена еднаквост со државјаните на Република Македонија,
2) кои во Република Македонија ќе вршат активности врз основа на меѓународен договор кој Република Македонија го има склучено со друга држава, врз принцип на реципроцитет;
3) професионални спортисти и спортски работници;
4) кои се привремено упатени од странското правно лице во регистрирана филијала или друга организациската единица во Република Македонија за вршење на раководни или специјални работи;
5) кои се вклучени во реализација на проекти за развој подржани од Владата.
(3) Квотата ќе биде поделена во групи на дозволи за следниве цели:
1) вработување на странци во Република Македонија;
2) странци упатени во Република Македонија;
3) сезонско работење на странци и
4) поединечни услуги од странци.
(4) Квотата од ставот (3) точка 1 на овој член не може годишно да надминува 5% од населението на Република Македонија кое законски е вработено, според податоците на Државниот завод за статистика.

(5) Квотата од ставот (3) точка 1 на овој член ги опфаќа и дозволите за кои Република Македонија дава согласност, согласно со ратификуваните меѓународни договори со државите чии државјани немаат еднаков статус со државјаните на Република Македонија.
(6) Владата може да ги намали и менува квотите за вработување и работа на странци по региони, области, правни лица и работни места. Исто така, може да поставува ограничувања и забрани на приливот на нови странски работници во целост или во одредени општини, ако постојат добро основани причини дека ова е од јавен интерес или општ комерцијален интерес.
(7) Како основани причини за прифаќање на мерките од ставот (6) на овој член се сметаат:
1) склучување на меѓународен договор врз основа на кој барањата за вработување на странски работници се намалени;
2) зголемени трендови на невработеност;
3) намалување на потребата од странски работници што резултира од програмите за политиките за нивно вработување;
4) процена дека странецот за кој станува збор нема да може да се врати во неговата земја на потекло по истекот на неговата работна дозвола и
5) барањата од компетентната комора или репрезентативниот синдикат на национално ниво, поддржано со докази за загубени работни места во поединечни сектори.
(8) Владата може да определи посебни мерки за ограничување на бројот на самовработени странци по поединечна дејност, ако зголемувањето на бројот на самовработени странци ќе влијае на порастот на домашната невработеност во определената дејност.
(9) Иницијатива за прифаќања на мерките од ставот (8) на овој член можат да предложат надлежниот ресорен министер, стручна асоцијација, компетентна комора или репрезентативен синдикат на национално ниво.
(10) Поединечни зголемувања над годишната утврдена квота во текот на годината ќе се одобрат во исклучителни случаи, ако Владата утврди дека ова е од јавен комерцијален интерес на државата. Во ваквите случаи Владата ќе го утврди обемот и траењето на овој вид на зголемување на квотата, на предлог на компетентната комора, во договор со репрезентативните синдикати на национално ниво, министерството надлежно за работите од областа на трудот и министерството надлежно за соодветната област во рамките на која е предложен исклучокот.
(11) Владата може да утврди за случаи на меѓународни тендери, дозволите за привремен престој заради работа на странците да се издаваат надвор од квотата, без претходно издадена согласност од Агенцијата за вработување на Република Македонија. Во овие случаи Владата ќе го утврди бројот на странските работници и другите неопходни услови, согласно овој закон.

**Утврдување на приоритети**

**Член 6**

Квотата утврдена од страна на Владата за поединечни цели е поделена согласно со следниве приоритети:

1) важечки работни дозволи;
2) работни дозволи издадени врз основа на ратификувани меѓународни договори кои опфаќаат веќе договорени квоти и
3) нови работни дозволи и дозвола за привремен престој заради работа.

## ГЛАВА III
## РАБОТНИ ДОЗВОЛИ
## Општи одредби

### Член 7

(1) Работна дозвола е документ врз основа на кој домашниот или странскиот работодавач склучува договор за вработување со странец, согласно со одредбите од овој закон.
(2) Работна дозвола се издава за определен временски период до една година или на неопределено време.
(3) На странецот може да му се издаде само една работна дозвола за ист временски период.
(4) Работната дозвола на странецот ќе му биде одземена и поништена, ако:
1) дозволата на странецот за привремен или постојан престој престанала согласно со закон;
2) странецот престојува надвор од Република Македонија за период подолг од шест месеци без прекин, освен во случаи кога странецот е упатен по налог на работодавачот во странска држава или ако е отсутен поради образование, болест, породилно отсуство или отсуство поради нега на дете и
3) странецот врши друга работа, освен онаа за која работната дозвола е издадена.
(5) Одредбите од ставот (4) точка 2 на овој член не се применуваат за странци кои поседуваат работна дозвола која важи за неопределен временски период.
(6) Министерот надлежен за работите од областа на трудот го пропишува начинот на издавање на работни дозволи и формата и содржината на работните дозволи, како и формата и содржината на образецот на дозволата.

## Надлежни органи

### Член 8

(1) Агенцијата за вработување донесува решение за издавање на работните дозволи и продолжување на работните дозволи утврдени со овој закон. Решението се донесува во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето со потребната документација.
(2) Против решението на Агенцијата за вработување, како првостепен орган со кое се одбива барањето на странецот за работна дозвола, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерството за труд и социјална политика.
(3) Во случај кога ќе се утврди дека постојат условите утврдени во членот 7 од овој закон, Агенцијата за вработување донесува решение за одземање на

работната дозвола во рок од три дена од денот на дознавањето за постоење на условите.
(4) За донесување на решенито за одземање од ставот (3) на овој член, Агенцијата за вработување го известува Министерството за внатрешни работи.
(5) Против решението на Агенцијата за вработување од ставот (3) на овој член, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Министерството за труд и социјална политика.
(6) По жалбите од ставовите (2) и (5) на овој член, министерството одлучува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

**Постапка за издавање на работна дозвола**

**Член 9**

(1) Барање може да поднесе странец кој го има регулирано престојот во државата по друг основ, во Агенцијата за вработување или во други простории определени од Агенцијата за вработување.
(2) Барањето од ставот (1) на овој член содржи податоци за странецот, неговата квалификациона структура (специјалноста на работникот) и податоци за кој вид на работа сака да се ангажира.
(3) За барање поднесено до Агенцијата за вработување не е потребно да се обезбеди мислење од Министерството за внатрешни работи, доколку странецот претходно го има регулирано својот престој во Република Македонија по друг основ.
(4) Формата и содржината на образецот на барањето и потребните документи ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

**Работна дозвола**

**Член 10**

(1) Работна дозвола која се издава за определен временски период до една година е обновлив или постојан облик на работна дозвола, која во текот на својата важност му овозможува на странецот слободен пристап до пазарот на трудот.
(2) Барање за добивање на Работна дозвола од ставот (1) на овој член, може да се поднесе од страна на странец кој ги исполнува условите утврдени во овој закон и од страна на азилант.
(3) Работна дозвола се издава од ставот (1) на овој член се издава на:
1) член на потесното семејството на државјани на Република Македонија кој поседува важечка дозвола за привремен престој заради работа;
2) член на потесното семејството на странец кој поседува работна дозвола за неодреден временски период;
3) странец кој по потекло е од Република Македонија или негов наследник до трето колено, кој нема македонско државјанство;
4) странец кој престојува во Република Македонија врз основ на дозвола за привремен престој заради работа, за семејно обединување;
5) странец барател на правото на азил на кој барањето за признавање на правото на азил не му е решено во период од една година, по истекот на

периодот од една година(дозволата за работа се издава на три месеци со можност за продолжување);
6) странец со признат статус на бегалец;
7) странец под супсидијарна заштита и
8) странец под привремена заштита.
(4) Работна дозвола се издава на жртви на трговија со луѓе кои имаат стекнато дозвола за привремен престој заради работа поради хуманитарни причини за временскиот период на валидноста на дозволата за привремен престој.
(5) Странците наведени во ставот (3) на овој член, доколку им престане работниот однос не по нивна вина, можат да се заведат во евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување.
(6) Членови на потесно семејство на државјанин на Република Македонија согласно со овој закон се:
1) брачен другар;
2) деца на возраст до 18 години кои не се во брак;
3) деца на брачниот другар на возраст до 18 година кои не се во брак;
4) деца над 18 години кои не се во брак и нивните родители кои државјанин на Република Македонија е должен да ги издржува согласно со законот на државата чиј жител е;
5) деца над 18 години кои не се во брак и родители на брачниот другар кои брачен другар на државјанин на Република Македонија е должен да ги издржува, согласно со законот на државата чиј државјанин е и
6) родители на државјани на Република Македонија до 18 годишна возраст.
(7) Членови на потесно семејство на странецот ќе се сметаат:
1) брачен другар;
2) малолетни деца на возраст до 18 години на странецот кои не се во брак;
3) малолетни деца на возраст до 18 години на брачниот другар кои не се во брак;
4) родители на малолетен странец и
5) возрасни деца кои не се во брак и родители на странецот или брачен другар кои странецот или брачниот другар е одговорен да ги издржува, согласно со законот на државата чиј државјанин е.
(8) Согласно со овој закон членови на потесно семејство на странецот ќе се сметаат и другите роднини на кои надлежниот орган за издавање дозвола за престој им издал дозвола за престој во Република Македонија, заради семејно обединување.
(9) Барање за работна дозвола со важност за неодредено време може да се поднесе од страна на странец кој поседува дозвола за постојан престој во Република Македонија и лице со признат статус на бегалец.
(10) Лицата кои имаат обврска да го регистрираат почетокот и престанокот на работата вршена од странци се работодавачите кои засноваат работен однос со странецот.
(11) Работната дозвола ќе престане да важи:
1) со истекот на рокот на важноста на работната дозвола;
2) со престанување на важноста на дозволата за престој;
3) ако странецот се откаже од својата работна дозвола;
4) ако странецот се стекне со државјанство на Република Македонија;

5) во случај на смрт на странецот.

## ГЛАВА IV
## УСЛУГИ КОИ ГИ ДАВААТ СТРАНЦИТЕ ВРЗ ОСНОВА НА РЕГИСТРАЦИЈА НА РАБОТАТА
### Креативни услуги од областа на културата

### Член 11

(1) Странците кои самите обезбедуваат креативни услуги од областа на културата како учесници во културни работилници, состаноци, колонии и други културни настани или како известувачи за вакви настани, како креатори и преработувачи од областа на музиката, музички изведби, ора, балет и литературни дела, фотографија, видео, филм и уметност на електронски медиуми, како придружен персонал за инструктори, известување и организациски и технички персонал и како експерти од областа на заштитата на културното наследство, библиотекарство, архиварство и креативната култура, а кои не престојуваат во државата повеќе од седум дена се должни, во зависност од тоа каде ги даваат креативните услуги да добијат претходна согласност од Министерството за култура, Министерството за економија, Агенција за млади и спорт или од единицата на локалната самоуправа на чија територија се одржува културниот настан.

(2) Странците наведени во ставот (1) на овој член за своите креативни услуги од областа на културата, за регулирање на својот престој, во зависност од тоа каде ги даваат, односно извршуваат креативните услуги треба да добијат согласност, и тоа од:

- Министерството за култура за креативните услуги кои ги даваат, односно извршуваат во установите од областа на културата,
- Министерството за економија за креативните услуги кои ги даваат, односно извршуваат во угостителски објекти,
- Агенцијата за млади и спорт за креативни услуги кои ги даваат, односно извршуваат во спортски сали и објекти или
- Единиците на локалната самоуправа на чиј простор се даваат или се извршуваат креативните услуги.

(3) Во барањето за согласност кое го доставува организаторот или клиентите на услугата треба да се приложат план и програма на активностите кои странците од ставот

(1) на овој член ќе ги реализираат, листа на претходно реализирани активности и кратка биографија на странците и покана за учество или договор со организаторот или клиентот на услугата. Исклучок претставуваат циркусите и забавните паркови кои за регулирање на својот престој треба да добијат согласност од општината која им одобрила локациско поставување на нејзиното подрачје.

(4) Условот за давање на услуги согласно со ставот (1) на овој член е регистрирање на работата во Агенцијата за вработување. Лицата кои се одговорни за регистрирање на работата во Агенцијата за вработување, се организаторите или клиентите на услугата во местото каде што треба да се

даде услугата, или доколку работата се изведува на повеќе локации, на локацијата на седиштето на организаторот или клиентот.
(5) Во случај кога работата која се извршува врз основа на договор, трае подолго од периодот утврден во ставот (1) на овој член, тогаш странците на кои се однесува истата,имаат обврска да добијат работна дозвола во согласност со видот на работата која тие ја извршуваат.
(6) Услугите кои се наведени во ставот (1) на овој член можат да се даваат неколку пати врз основа на сертификат за регистрација на работата, но најмногу до 30 дена во една календарска година.

**Услуги за трговски саеми**

**Член 12**

(1) За странските работници упатени во земјата со цел да се монтира, склопи и изложи опрема и предмети за трговски саеми и изложби во кои учествува нивниот работодавач нема да биде потребно да се добие дозвола за работа, доколку тие ги завршат услугите во рокот кој не го надминува периодот на траење на трговскиот саем.
(2) За случаите од ставот (1) на овој член странскиот работодавач кој ги става своите производи и предмети на излог е должен да ја регистрира работата која ја извршуваат странците во Агенцијата за вработување во местото каде што треба да се даде услугата.

**Краткотрајни услуги кои се даваат од странци**

**Член 13**

(1) Дозвола за работа не е потребна во следниве случаи:
1) кога услугите кои ги даваат странските работници кои се поврзани со набавка на стока и склопување на машини, средства и опрема, кога давателот на услуги дава воведни инструкции на персоналот на клиентот и кога услугите се придружени со демонтажа на машините, средствата и опремата;
2) кога за тоа е потребно давање на редовни услуги за одржување, доколку овие услуги се договорени со договорот за купување на машините, средствата или опремата и доколку тие се даваат од страна на работници, вработени кај производителот или од овластен правен субјект од страна на производителот;
3) кога врз основа на договорот за набавка на машини, средства или опрема од странство, добавувачот е во обврска на свој сопствен трошок да ги утврди дефектите во машините, средствата или опремата која е набавена и
4) доколку работата трае најмногу 60 дена и лицето кое е одговорно за регистрација ја регистрира работата која ја извршуваат странците.
(2) Лицето кое е одговорно за регистрација на почетокот на работата на странецот, треба да биде локален клиент за кого странскиот работодавач и неговите работници или странецот како физичко лице даваат услуги.
(3) Услугите кои се наведени во ставот (1) на овој член можат да се даваат неколку пати во текот на годината врз основа на образец за регистрација на работата, но најмногу до 60 дена во една календарска година.“

## Работи кои ги вршат странци кои во Република Македонија престојуваат заради студирање

### Член 14

(1) Странците кои престојуваат во Република Македонија заради студирање, можат да вршат краткорочни или помошни работи без дозвола за работа, доколку целокупниот период за вршење на такви работи не е повеќе од 10 работни часа во текот на една недела.
(2) Условот за вршење на краткорочни или помошни работи, согласно со ставот на овој член, е регистрирање на работата во Агенцијата за вработување. Лицата кои се одговорни за регистрирање на работата во Агенцијата за вработување се организаторите, клиентите или работодавачот во местото каде што треба да се извршува работата.
(3) За периодот на извршување на краткорочните или помошните работи од страна на странски студенти, работодавачот е должен да ги покрие трошоците за нивното социјално осигурување.

## Услуги за итни случаи

### Член 15

(1) Во случај кога на барање на локалниот клиент кој може да биде трговско друштво,државен орган, единици на локалната самоуправа и градот Скопје или овластена организација, потребно е веднаш да се обезбедат услуги од странски давател, со цел да се утврди или спречи економска штета или друга последица која произлегува од природни катастрофи или други несреќи или хаварии, или за изведување на спасувачки операции или мерки кои се потребни да се спречат заканите по здравје на населението или при вонредна дијагностика односно инспекција на воздухоплови, тогаш за странските работници или соодветно квалификуваните странски физички лица, нема да биде потребно да се добие дозвола за работа.
(2) За случаите од ставот (1) на овој член клиентот за кого се наменети услугите треба да ја регистрира услугата во рок од три дена од пристигнувањето на странците во земјата, работата која ја извршуваат странците во Агенцијата за вработување во местото каде што се наоѓа седиштето на клиентот.
(3) Давањето на услугите според овој член не смее да трае подолго од 30 дена. Во случај кога е потребно подолго присуство на странците, клиентот мора да побара дозвола за работа за регистрираните странци, која треба да се издаде без оглед на состојбата и условите на пазарот на работна сила.

## ГЛАВА V
## РЕГИСТРАЦИЈА НА ПОЧЕТОКОТ И ЗАВРШУВАЊЕТО НА РАБОТАТА КОЈА ЈА ИЗВРШУВААТ СТРАНЦИ

### Општи одредби за регистрација на почетокот и завршувањето на работата која ја извршуваат странци

### Член 16

(1) Регистрацијата на работата која ја извршуваат странци е задолжителен услов кој важи за сите странци кои врз основа на одредбите на овој или друг закон се вработени или работат во Република Македонија.
(2) Лицата кои согласно со овој закон се одговорни за регистрирање на работата која ја извршуваат странци, задолжително треба да го регистрираат почетокот и завршувањето на работата која ја извршуваат странците, во согласност со одредбите од овој закон.
(3) Одговорните лица од ставот (2) на овој член се должни да извршат пријавување:
1. во рок од еден ден од почетокот на работата, во случаи на засновање на работен однос;
2. еден ден пред почетокот на извршување на работата, доколку не станува збор за засновање на работен однос со странец;
3. во рок од три дена по пристигнувањето на странецот во земјата, во случаите од членот 15 став (2) од овој закон.
(4) Агенцијата за вработување на лицето кое е одговорно за регистрирање на работата на странци, му издава образец во пропишана форма.
(5) Лицето кое е одговорно за регистрација задолжително треба да го чува образецот во текот на целиот период на вршење на работата во главното место на дејноста и во случај на теренска работа на градилиштето каде што работи странецот. Кога регистрацијата на работата се заснова на работна дозвола, лицето кое е одговорно да го чува образецот за ист период за кој е одговорен да ги чува и другите пропишани документи.
(6) Лицето кое е одговорно за регистрација на работата која ја извршуваат странците е должно да го даде на увид образецот за регистрација на работата по барање на надзорен орган. Доколку лицето не го изврши тоа ќе се смета дека истото не поседува таков образец.
(7) Во случај да се изгуби образецот за пријава на работата, Агенцијата за вработување ќе му издаде на лицето одговорно за регистрацијата дупликат на истиот.
(8) Начинот за регистрација и завршување на работата која ја вршат странците, доказите кои се приложуваат кон барањето, како и размената на податоци од посебни регистрации меѓу посебни органи и услуги, ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

### Член 17

Агенцијата за вработување месечно ги обработува собраните податоци за пријава и одјава на работа на странци, истите ги споредува со податоците за издадени работни дозволи во рамките на одделни цели, по кои се разделува

квотата за работни дозволи и за резултатите го известува Министерството за труд и социјални политика и Државниот инспекторат за труд, а на барање и другите органи и служби, надлежни за спроведување на овој закон.

**ГЛАВА VI**
**НАДЗОР**
**Овластени надзорни органи**

**Член 18**

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за труд и социјална политика.
(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши Државниот инспекторат за труд (во натамошниот текст: Инспекторатот за труд).
(3) Инспекциски надзор може да се изврши над правно и физичко лице по службена должност или по барање на Агенцијата за вработување.
(4) Инспекторатот за труд е должен да доставува извештаи на секој шест месеци за покренатите постапки и изречените прекршочни санкции до Агеницијата за вработување,која е должна да води евиденција на направените прекршоци и изречените прекршочни санкции од страна на работодавачите и странците.

**Обврските кон надзорните органи**

**Член 19**

(1) Вработениот странец и работодавачот, задолжително треба да соработуваат со овластените надзорни органи и да дејствуваат во согласност со мерките наложени од овие органи. Тие мораат да им обезбедат на овластените органи пристап до целокупната расположлива документација, која служи како основа за издавање на документ, со кој се дозволува вработување или работа во Република Македонија.
(2) Странецот е должен да ја чува работната дозвола во местото каде што работи и по барање на овластено лице за контрола да ја достави како доказ во постапка.
(3) Работодавачот е должен да ја чува целокупната документација поврзана со работата и плаќањето на странците во период од пет години од завршувањето на вработувањето или работата која ја извршувале странците во Република Македонија.

**ГЛАВА VII**
**ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**
**Обврски на органите**

**Член 20**

(1) Личните податоци што се прибираат согласно со овој закон можат да се обработуваат само за цели утврдени со законот.
(2) Личните податоци прибрани и обработени согласно со овој закон се чуваат во форма која овозможува идентификација на субјектот на податоците до исполнување на целта за која се прибрани.

(3) Преносот на личните податоци меѓу органите и телата може да се врши за цели утврдени со закон, врз основа на претходно склучен договор со кој се гарантира заштитата на личните податоци.
(4) Институции кои поседуваат податоци кои се значајни за утврдување на можни нерегуларности во однос на спроведувањето од овој закон се должни да соработуваат меѓу себе и да ги доставуваат податоците кои ги бара овластениот орган наведен во членот 18 од овој закон.

**ГЛАВА VIII**
**ЕВИДЕНЦИЈА**
**Евиденција за работните дозволи на странци**

**Член 21**

(1) Евиденцијата за странците кои се вработени или работат на територија на Република Македонија согласност со закон, во електронска форма се водат и се чуваат во Агенцијата за вработување.
(2) Податоците за странците кои Агенцијата за вработување ги собира и евидентира од барањата за работни дозволи вклучуваат:
1) име, татково име и презиме;
2) пол;
3) датум на раѓање;
4) број на лична карта и матичен број за странец;
5) број на патна исправа, орган кој ја издал и време на важност;
6) место и земја на раѓање;
7) националност;
8) последно место на живеење во странство, трајно или привремено или во Република Македонија (земја, место на живеење, адреса);
9) сегашно трајно или привремено место на живеење во Република Македонија (местона живеење, адреса);
10) вид и број на патен документ, датум и место на издавање и период на важење;
11) вид на дозвола за престој, датум на издавање и нејзин период на важење;
12) ниво на професионално образование;
13) занимање;
14) стручно знаење;
15) работно искуство и
16) изречени прекршочни санкции.
(3) Агенцијата за вработување може да собира, разменува и евидентира податоци за странците од евиденцијата која се чува во Министерството за внатрешни работи во однос на престојот во Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија по однос на здравственото осигурување и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во врска со пензиското и инвалидското осигурување на странци во Република Македонија.
(4) Податоците од евиденцијата од ставовите (2) и (3) на овој член ќе се чуваат во рок од две години од истекот на важењето на работната дозвола и потоа ќе се архивираат.

(5) Агенцијата за вработување води евиденција и за издадени мислења по однос на постапките за стекнување на дозвола за привремен престој заради работа. Податоците од наведената евиденција се чуваат во рок од пет години од денот на нивното издавање,одземање односно поништување и потоа се архивираат.
(6) Прибавувањето на доказите и податоците по службена должност од други органи и доставувањето на податоци по барање од други органи Агенцијата го врши по електронски пат.
(7) Комуникацијата меѓу Агенцијата и другите јавни органи и институции задолжително се одвива во електронска форма.

**Член 22**

Агенцијата за вработување доставува месечни извештаи до Управата за јавни приходи за работодавачите кои вработиле странци или каде странците биле ангажирани врз основ на договор за давање на услуги.

## ГЛАВА IX
## ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

**Член 23**

(1) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на работодавач како правно лице кој овозможува, поттикнува или учествува во незаконски вработувања на странци во Република Македонија или државјани на Република Македонија во странство.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од ставот (1) на овој член ќе се изрече и на одговорно лице во правно лице кој овозможува, поттикнува или учествува во незаконски вработувања на странци во Република Македонија или државјани на Република Македонија во странство.

**Член 24**

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на службеното лице во Агенцијата за вработување, ако:
1) не донесе решение за издавање на работните дозволи, продолжување на работните дозволи и одземање на работните дозволи, во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето со потребната документација спротивно на членот 8 став (1) од овој закон.
2) не донесе решение за одземање на работната дозвола во рок од три дена од денот на дознавање на постоење на условите, спротивно на членот 8 став (4) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на службеното лице во Министерството за труд и социјална политика ако не донесе решение по поднесена жалба во рок од 15 дена, спротивно на членот 8 став (7) од овој закон.

**Член 25**

(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на работодавач (правно лице) кој не ја вратил работната дозвола на

странецот со кој не склучил вработување или договорен однос или го прекинал работниот однос или договорот за работа пред истекот на времетраењето на работната дозвола (член 7 став (7)).
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од ставот (1) на овој член се изрекува за прекршок на одговорно лице кај работодавачот.

**Член 26**

(1) Глоба во висина од 1.200 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на работодавач (правно лице), ако не обезбеди пристап до целокупната расположлива документација врз основа на која се издадени документите со кои се дозволува вработување или работа на странецот (член 19).
(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице од ставот (1) на овој член се изрекува за прекршок на одговорно лице кај работодавач кој е означен во членот 19 од овој закон.

**Член 27**

Глоба во висина од 150 до 300 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на странец за недоставување на работната дозвола на барање на надзорниот орган (член 19 став (2)).

**Член 28**

(1) Глоба во висина од 1.500 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на работодавач (правно лице) ако не ја чува дозволата за работа во седиштето на трговско друштво или на локацијата на градилиштето надвор од седиштето на трговско друштво (член 19 став (3)).
(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице од ставот (1) на овој член се изрекува за прекршок на одговорно лице кај работодавач кој е означен во членот 19 став (3) од овој закон.

**Член 29**

(1) За прекршоците утврдени во членовите 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од овој закон,овластените лица за контрола се должни, на одговорното лице или од него овластено лице во правното лице да му издаде прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.
(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, овластеното лице за контрола составува записник и му издава прекршочен платен налог на одговорното лице или од него овластено лице во установата.
(3) Изјавата за согласност од ставот (2) на овој член се забележува во записникот.
(4) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог е должен истиот да го потпише.Примањето на платниот налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.Со потписот на приемот на прекршочниот платен налог се смета дека сторителот се согласува да ја плати глобата, во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог, на сметка на органот назначен во платниот налог.

(5) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице или од него овластено лице.
(6) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член, ќе плати само половина од изречената глоба.
(7) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член, овластеното лице за контрола ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до прекршочниот орган.
(8) Доколку не постојат основи за спроведување на постапката за порамнување со повикување на сторителот, овластеното лице за контрола до сторителот, доставува по пошта, прекршочен платен налог со записник од констатиран прекршок.Постапката за порамнување се смета дека е спроведена и овластеното лице за контрола може да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка доколку сторителот го примил по пошта прекршочниот платен налог, но не го платил во предвидениот рок или го вратил прекршочниот платен налог со назнака дека не сака да го прими.
(9) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.
(10) Овластеното лице за контрола е должно да води евиденција за покренатите постапки и за нивниот исход.

## ГЛАВА X
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 30

Министерот надлежен за работите од областа на трудот во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе подзаконските акти предвидени со овој закон.

### Член 31

Започнатите постапки до денот на започнување на примена на овој закон во согласност со одредбите на Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија" број 70/2007, 5/2009, 35/10, 148/11, 84/12, 148/13, 38/14 и 150/15) ќе се завршат во согласност со овој закон.

### Член 32

Издадените документи пред денот на започнувањето на примената на овој закон ќе важат се до истекот на нивниот период на важење.

### Член 33

Со денот на започнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за вработување и работа на странци ("Службен весник на Република Македонија" број 70/2007, 5/2009, 35/10, 148/11, 84/12, 148/13, 38/14 и 150/15).

### Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по шест месеци од денот на неговото влегување во сила.